**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ЗАКОНОДАВНО-ПРАВНА КОМИСИЈА**
**Број 10 -**
**13 март 2012 година**
**Скопје**

**ДО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

# ИЗВЕШТАЈ

Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија на продолжението на Дваесет и четвртата седница одржано на 13 март 2012 година, го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на членот 1 став 4, а во врска со членот 11 став 1 од Законот за основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен („Службен весник на Република Македонија" број 51/11), поднесено од пратеникот Дарко Димитриески и врз основа на член 176 став 9 од Деловникот на Собранието на Република Македонија го зазема следниов став:

**Барањето за давање на автентично толкување на членот 1 став 4, а во врска со членот 11 став 1 од Законот за основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен („Службен весник на Република Македонија" број 51/11), поднесено од пратеникот Дарко Димитриески, не е оправдано.**

Во членот 1 став 4 е утврдено следново:
„Надлежноста на Државната комисија да решава по жалби против решенија донесени во управна постапка во прв степен од страна на министерствата, другите органи на државната управа, организации утврдени со закон и други државни органи се утврдува со посебните закони."

Во членот 11 став 1 е утврдено следново:
„Започнатите постапки и постапките кои ќе започнат пред комисиите на Владата на Република Македонија за решавање во управна постапка во втор степен за одделени управни работи до започнувањето на примената на овој закон ќе се завршат од страна на комисиите во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон."

Со барањето за давање на автентично толкување се покренува прашање што ќе се случи со нерешените предмети од страна на второстепените комисии по започнувањето на примената на Законот за основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен („Службен весник на Република Македонија" број 51/11) односно кој орган ќе биде надлежен за нивно решавање?
Со оглед на фактот дека Законот за основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен

започна да се применува на 21 октомври 2011 година, а рокот од шест месеци во кој второстепените комисии требаше да ги решат предметите е изминат и истите се укинати со Законот за изменување и дополнување на Законот за Владата на Република Македонија, а со цел да не настане правна празнина и предметите да не останат нерешени, истите треба да бидат преземени и да бидат решени од страна на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, со оглед дека не постои друг соодветен орган кои истите би ги завршил. Во спротивно започнатите постапки ќе останат незавршени. Истото се однесува и за предметите кои ќе бидат вратени од Управниот суд.

Со оглед на тоа што со нерешените предмети се опфатени барања од граѓани од различни области, не може да се допушти овие предмети да останат нерешени, бидејќи и самата држава мора да функционира. При положба да друг орган не постои, единствен орган кој ќе ги разреши правните состојби по влегувањето во сила на Законот за основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен („Службен весник на Република Македонија" број 51/11), е Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен и не постојат никакви законски пречки овие предмети веднаш да бидат земени во работа.

Тргнувајќи од горенаведеното, произлегува дека одредбата е јасна и прецизна, поради што Комисијата оцени дека Барањето за давање на автентично толкување на членот 1 став 4, а во врска со членот 11 став 1 од Законот за основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен („Службен весник на Република Македонија" број 51/11), поднесено од пратеникот Дарко Димитриески, не е оправдано.

Комисијата за известител на седницата на Собранието на Република Македонија го определи пратеникот Благородна Дулиќ.

**Претседател на**
**Законодавно-правната комисија,**
Благородна Дулиќ